**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО И ТУРИЗМОТ” ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ, ДОЦ. Д-Р ТАЊА АНГЕЛКОВА-ПЕТКОВА И ДОЦ. Д-Р НИКОЛА ЦУЦУЛЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2102-293/11 од 13.6.2016 година, од 154. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 13.6.2016 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Елизабета Митрева, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Нако Ташков, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Никола Димитров, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип:

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис за практикумот „**Информатички системи во угостителството и туризмот**” од авторите доц. д-р Дејан Методијески, доц. д-р Тања Ангелкова-Петкова, доц. д-р Никола Цуцулески, насловен доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Овој практикум е од областа на угостителството и туризмот. Практикумот се состои од 12 вежби, што е во согласност со Наставниот план и програмата на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Овој предмет се изучува на насоката Туризам како изборен предмет во четврти семестар - втора година, носи четири кредити и има фонд на часови 2+1+1. На насоката Гастрономија, исхрана и диететика се изучува како задолжителен предмет во четврти семестар - втора година, носи шест кредити и има фонд на часови 2+2+1. Практикумот е изготвен со цел да се унапреди наставата по предметот Информатички системи во угостителството и туризмот и да се подобри квалитетот на знаењето на студентите.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот е предаден за рецензија, среден во А4 формат. Обемот на ракописот за практикум „Информатички системи во угостителството и туризмот” по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Краток опис на содржината:** Ракописот за практикумот „Информатички системи во угостителството и туризмот” опфаќа 12 вежби во кои се опфатени основните сознанија за информатичките системи во угостителството и туризмот.

Првата вежба, со наслов *Подготовка на ракопис,* има за цел на студентите да им го доближи начинот на подготовка на труд, како се цитираат трудови, книги и сл. На тој начин студентите ќе бидат подготвени да се справат со пишувањето на семинарски трудови и со предизвиците на пишување низ процесот на едукација.

Вежбата бр. 2 е со наслов *Системи во туристичкото работење* и тука користејќи ги алатките на модерната информатичка технологија работат на практично создавање на системи во туристичкото работење.

Вежбата бр. 3 е со наслов *Успешно управување со ризици во развојот на информацискиот систем*. Со цел создавање успешен информациски систем, од особена важност е управувањето со ризиците. Студентите поделени во групи работат на конкретен проблем, со цел да ги научат поединечните чекори во процесот на управување со ризик.

Вежбата бр. 4 е со наслов *Работа со помош на алатки за моделирање на податоци*. Во оваа вежба со помош на алатките за моделирање на податоци студентите имаат за задача да состават соодветни објекти со примарни, алтернативни и надворешни клучеви и да ги објаснат врските помеѓу истите.

Вежбата бр. 5 е со наслов *Употреба на електронската трговија во угостителството и туризмот*. Во оваа вежба, преку достапните модели на е-трговијата, студентите имаат задача да направат оптимален избор и комбинација на модели преку кои би воспоставиле основа за бизнис модел во угостителството и туризмот. Можноста за избор е до најмногу 3 модели.

Вежбата бр. 6 е со наслов *Практична работа на вежба со ЕРП системот (систем за планирање на ресурсите)*. Во оваа вежба студентите поделени во групи имаат за задача да го воспостават синџирот на работа во системот за планирање на ресурсите. Во зависност од нивната задача, тие се одговорни за нарачка и навремена дистрибуција на производите кои се на располагање во конкретниот случај.

Вежбата бр. 7 е со наслов *Практична работа со систем за унапредување на односите со клиентите*. Во оваа вежба, тим лидерот е сопственик на новоотворен ресторан во близина на централното градско подрачје. Со цел да привлече внимание за постоењето на ресторанот започнува соработка со компанија која се занимава со CRM. Целта на сопственикот е создавање позитивно искуство кај клиентите, како и лојалност со цел одржување на постоечката база на потрошувачи.

Вежбата бр. 8 е со наслов *Бреинсторминг за создавање ДМС систем за Македонија како електронска туристичка дестинација*. Во оваа вежба студентите работат во група со цел да утврдат што е потребно за успешно создавање на ДМС систем за Македонија како електронска туристичка дестинација. Имајќи го предвид фактот дека постојат четири основни засегнати страни (локално население, туристичко стопанство, јавен сектор и посетители/туристи), групата треба да работи на предлог ДМС вклучувајќи ги потребите на секоја засегната страна.

Вежбата бр. 9 е со наслов *Воведување на студентите во работата на хотелскиот систем за резервација*. Студентите се во компјутерска лабораторија и имаат за задача да се запознаат со хотелскиот систем за резервација на соби и услуги. Овој систем е слика на реален систем од бизнис заедницата и претставува одлична основа за студентите да се запознаат со овој начин на работа во хотелите. Вежбата вклучува изучување на основните алатки на системот и соодветна подготовка на студентите за понапредните вежби.

Вежбата бр. 10 е со наслов *Резервација на соби преку системот за хотелско работење*. Во оваа вежба за потребите на странски деловен партнер, студентите треба да извршат резервација на соби (услуга на база ноќевање со појадок). Пред да ја извршат резервацијата треба да проверат дали собите се чисти (да отворат извештај за тоа). Доколку не се, должни се да нарачаат чистење. Во спротивно ќе плаќаат пенали за нечиста соба. По завршување на периодот на користење, должни се да издадат фактура за искористените услуги. Исто така, треба да подготват и извештај за производите и услугите што ги овозможиле (колективен), како и за продажбата за периодот на користење на услугите во нивниот капацитет (за вкупната резервација).

Вежбите бр. 11 и 12 се со наслов *Презентација на семинарски работи*. Во овие вежби студентите имаат задача да ги презентираат своите проектни задачи кои ги подготвиле по претходно избрани теми.

Сите вежби опфатени во овој ракопис во целост ја заокружуваат предвидената Наставна програма по предметот Истражување на туристичкиот пазар, па оттука и соодветноста овој ракопис да може да се користи како учебно помагало. На крајот од ракописот се дадени користената литература и интернет страниците, каде што се наведени сите наслови цитирани во материјалот, предмет на овој практикум.

## ЗАКЛУЧОК

Според гореизнесеното, рецензентите констатираа дека поднесениот ракопис за практикумот „Информатички системи во угостителството и туризмот" од доц. д-р Дејан Методијески, доц. д-р Тања Ангелкова-Петкова и доц. д-р Никола Цуцулески опфаќа научни, стручни и наставни содржини според Наставната програма за овој предмет. Материјалот е квалитетно обработен и систематизиран, а ракописот е напишан на јасно разбирлив стил и на ниво достапно и разбирливо за студентите.

Практикумот ќе придонесе студентите на поедноставен начин да ја совладаат оваа значајна материја од областа на туризмот, која е целосно во согласност со Наставната програма на соодветната дисциплина што се слуша во втора година на насоките Гастрономија, исхрана и диететика и Туризам.

Со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати позитивно рецензираниот ракопис за практикумот „Информатички системи во угостителството и туризмот" од авторите доц. д-р Дејан Методијески, д-р Тања Ангелкова-Петкова и доц. д-р Никола Цуцулески како основна литература и да одобри негово користење според Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Елизабета Митрева, с.р.**
**Проф. д-р Нако Ташков, с.р.**
**Проф. д-р Никола Димитров, с.р.**